Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (2018-2023)

*„Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст“*

**март 2018**

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

*Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивниот економски раст,* Национална стратегија за МСП (2018-2023), Република Македонија, Министерство за економија, Скопје, Македонија

Изготвено со поддршка од Меѓународната организација на трудот во Македонија.

# Содржина

**Список со кратенки** ... **5**

**Стратегијата за МСП во кратки црти** ... **6**

Усогласување со Актот за мали претпријатија на Европската унија ... 7

**ДЕЛ 1: СТРАТЕГИЈА** ... **9**

**1 Вовед** ... **9**

1.1 Контекст на меѓународната политика ... 9

1.2 Контекст на националната политика ... 10

1.2.1 Рамка на економската и индустриската политика ... 10

1.2.2 Рамка на политиката за МСП ... 12

**2 Профил на МСП и предизвици** ... **16**

2.1 Дефиниција за МСП ... 16

2.2 Профил на МСП ... 17

2.3 Клучни предизвици ... 18

2.2.1 Деловно окружување ... 18

2.2.2 Услуги за деловен развој ... 18

2.2.3 Финансиски услуги ... 19

2.2.4 Култура на претприемништво ... 19

2.2.5 Продуктивност и работни услови ... 19

2.2.6 Застапување, дијалог и посредување ... 19

**3 Визија, општа цел и цели на стратегијата** ... **21**

3.1 Визија на стратегијата ... 21

3.2 Општа цел на стратегијата ... 21

3.3 Стратешки цели ... 21

3.4 Целни групи ... 21

**4 Принципи** ... **23**

**5 Столбови на стратегијата** ... **25**

Столб 1: Поволно деловно окружување ... 25

Столб 2: Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП ... 26

Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации ... 29

**6 Програми** ... **30**

Столб 1: Поволно деловно окружување ... 30

Програма 1.1: Подобрување на креирањето на политиките и координацијата ... 30

Програма 1.2: Поедноставување на правното и регулаторното окружување ... 31

Програма 1.3: Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог ... 32

Програма 1.4: Подобрување на координацијата во собирањето и употребата на податоците за МСП и следење и оценување на МСП ... 32

Програма 1.5: Подобрување на претставувањето на МСП - Национална асоцијација на МСП ... 33
Столб 2: Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП ... 34
Програма 2.1: Подобрување на услугите за деловен развој ... 34
Програма 2.2: Подобрување на пристапот до финансии ... 35
Програма 2.3: Олеснување на интернационализацијата ... 36
Програма 2.4: Поддршка на развојот на вредносниот синџир ... 36
Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации ... 37
Програма 3.1: Проширување на претприемништвото во образованието и обуката ... 37
Програма 3.2: Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП ... 38
Програма 3.3: Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации ... 39
**7 Клучни засегнати страни и механизми за спроведување ... 40**
7.1 Координација од страна на Владата ... 40
7.2 Одговорности за креирање на политиките и надзор ... 40
7.3 Спроведување на програмите и услугите за МСП ... 40
7.4 Спроведување и преиспитување на стратегијата ... 43
7.5 Механизам за координација на донаторите ... 43
**8 Рамка за следење и оценување ... 44**
8.1 Рамка за следење и оценување на високо ниво ... 44
8.2 Рамка за следење и оценување на ниво на програми ... 45
8.2.1 Столб 1: Поволно деловно окружување ... 45
8.2.2 Столб 2: Продуктивен и конкурентен сектор на МСП ... 46
8.2.3 Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации ... 47

# Список со кратенки

| | |
|---|---|
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото |
| БКМ | Бизнис конфедерација на Македонија |
| УДР | Услуги за деловен развој |
| Влада | Влада на Република Македонија |
| ЕК | Европска комисија |
| EESE | Процена на поволното окружување за одржливи претпријатија |
| ЕУ | Европска унија |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ИКТ | Информатичко -комуникациска технологија |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| МКД | Македонски денар |
| ММСП | Микро, мали и средни претпријатија |
| НКИП | Национален комитет за иновации и претприемништво |
| НВО | Невладина организација |
| ОЕСР | Организација за економска соработка и развој |
| ОРМ | Организација на работодавачите на Македонија |
| ИР | Истражување и развој |
| ПВР | Процена на влијанието на регулативата |
| АМП | Акт за мали претпријатија (ЕК) |
| SEE2020 | Стратегија Југоисточна Европа 2020 |
| МСП | Мали и средни претпријатија |

# Стратегијата за МСП во кратки црти

## *„Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст“*

Визија на стратегијата:**МСП во 2023 се двигатели на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.**

Општа цел на стратегијата: **Стратегијата за МСП дефинира рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста а во насока на зголемување на нивната конкурентност.**

Стратешки цели:

1. **Поволно деловно окружување:** Да се создаде поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите.
2. **Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП:** Да им се помогне на МСП да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.
3. **Динамичен екосистем на претприемништво и иновации:** Да се поттикне економската конкурентност на Македонија преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП.

**Конкурентните МСП се двигатели на инклузивен економски раст и на создавањето на продуктивни и пристојни работни места**

| **СТОЛБ 1**<br>**Поволно деловно окружување** | **СТОЛБ 2**<br>**Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП** | **СТОЛБ 3**<br>**Динамичен екосистем на претприемништво и иновации** |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМИ** | **ПРОГРАМИ** | **ПРОГРАМИ** |
| Подобрување на креирањето на политиките и координацијата | Подобрување на услугите за деловен развој | Проширување на претприемништвото во образованието и обуката |
| Поедноставување на правното и регулаторното окружување | Подобрување на пристапот до финансии | Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП |
| Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог | Олеснување на интернационализацијата | Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации |
| Координирање на податоците за МСП и на следењето и оценувањето | Поддршка на развојот на вредносниот синџир | |
| Национална асоцијација на МСП | | |

## Усогласување со Актот за мали претпријатија на Европската унија

Стратегијата за МСП е изготвена во согласност со Актот за мали претпријатија (АМП) на Европската унија. Во согласност со АМП, Стратегијата за МСП ќе:

- ***Создаде окружување во коешто претприемачите и семејните претпријатија може да просперираат и во коешто се наградува претприемништвото:*** ќе создаде поволно деловно опкружување за сите МСП, вклучувајќи ги семејните претпријатија, преку поедноставена правна и регулаторна рамка (Програма 1.2), усвојување на нов закон за МСП и ревидирање на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, подобрено креирање политики и координирање (Програма 1.1), како и преку подобрени услуги за деловен развој (Програма 2.1) и подобар пристап до финансии (2.2).
- ***Осигури дека чесните претприемачи што биле предмет на стечај брзо добиваат нова можност:*** Стратегијата ќе ги подобри стечајните постапки и ќе воведе информативна кампања за промовирање на втора можност за претприемачите што претходно доживеале неуспех (Програма 1.2).
- ***Ги конципира правилата во согласност со принципот „Прво мисли на малите“:*** таа ќе воведе посебен инструмент за процена на влијанието на регулативата, познат како МСП Тест, за анализирање на ex ante ефектите на сите законодавни предлози во врска со МСП (Програма 1.2).
- ***Ќе овозможи државната администрација да стои на располагање за задоволување на потребите на МСП:*** таа ќе ги подобри креирањето на политиките и координацијата во рамките на секторот на МСП (Програма 1.1), ќе го подобри социјалниот дијалог (Програма 1.3), ќе ги подобри податоците и анализите за секторот на МСП (Програма 1.4), ќе го зајакне претставувањето на секторот на МСП (Програма 1.5) и ќе го зголеми влијанието на деловните и финансиските услуги преку создавање онлајн Портал за МСП (Програми 2.1 и 2.2).
- ***Го олесни пристапот до финансии за малите претпријатија и ќе развие правно и деловно окружување што поддржува навремено плаќање во трговските трансакции:*** таа ќе го подобри пристапот до финансии преку создавањето регистар на движен имот, воведување на факторинг, ревитализација на кредитно-гарантната шема и подобрување на финансиската писменост (Програма 2.2).
- ***Им помогне на МСП подобро да ги искористат можностите што ги нуди единствениот пазар на ЕУ:*** стратегијата ќе ги зајакне врските со програмите на ЕУ за поддршка на МСП (Програма 2.1), истовремено подобрувајќи го пристапот на МСП до владините услуги за промовирање на извозот (Програма 2.3) и развивајќи ги стратешките индустриски вредносни синџири и кластери (Програма 2.4).
- ***Ја промовира надградбата на вештините во МСП и на сите облици на иновации:*** стратегијата ќе го вклучи претприемништвото во сите нивоа на образование и обука (Програма 3.1), ќе ги поддржи иновациите во секторот на МСП преку овозможување на создавањето подобри мрежи меѓу академската заедница и индустријата, вклучувајќи поддршка за ИР (Програма 3.2) и основање нови научно-технолошки паркови и инкубатори за иновации (Програма 3.3).
- ***Ги оспособи МСП да ги претворат еколошките предизвици во деловни можности:*** стратегијата ќе го поддржи развојот на „зелени МСП“ (Програма 2.4).

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

- ***Ги охрабри и подржи МСП во искористувањето на растот на меѓународните пазари:*** стратегијата ќе промовира попродуктивен и поконкурентен сектор на МСП преку обезбедување поголема поддршка за подобрување на интернационализацијата на секторот на МСП, што вклучува зголемен пристап до услуги за поддршка за промовирање на извозот (Програма 2.3) и развој на стратешките индустриски вредносни синџири и кластери (Програма 2.4).

# ДЕЛ 1: СТРАТЕГИЈА

# 1 Вовед

Националната рамка на политиките за економски развој во Република Македонија, вклучувајќи ја поддршката за претприемништвото, иновациите и конкурентноста, го утврдува контекстот во којшто се изготвуваше Стратегијата за МСП. Овој контекст е утврден, исто така, од поширока европска рамка на политиките за економски развој, унапредување и развој на малите претпријатија и претприемништвото.

## 1.1 Контекст на меѓународната политика

Стратегијата е изготвена со цел да се поддржат малите и средни претпријатија (МСП) во Македонија да станат поконкурентни во сè поинтегрираната светска економија. Таа е усогласена со низа значајни меѓународни рамки на политиките.

Преку **Лисабонската агенда** (2000 г.), Европската унија (ЕУ) утврди нова стратешка цел да стане „најконкурентната и најдинамичната економија на светот што се заснова врз знаење и е способна за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија“. Агендата се фокусира на подготовките за преминот кон економија и општество што се засноваат врз знаење преку подобри политики за информатичкото општество и за истражување и развој (ИР). Агендата се стреми кон модернизирањето на европскиот социјален модел преку вложување во човечките ресурси и борба против социјалната исклученост. Таа го поддржува одржувањето на добрата економска перспектива и поволните изгледи за раст преку примена на соодветна комбинација од макроекономски политики.

**Актот за малите претпријатија** на ЕУ (2011 г.) претставува сеопфатна рамка за политиката за МСП на ЕУ. Овој документ има за цел да го подобри приодот кон претприемништвото во Европа, да го поедностави окружувањето на регулативите и политиките за МСП и да ги отстрани преостанатите пречки за нивниот развој. АМП, што се надоврзува на Европската повелба за мали претпријатија (2000 г.), ги утврдува следниве приоритети: унапредување на претприемништвото, намалување на регулаторното оптоварување, подобрување на пристапот до финансии и подобрување на пристапот на МСП до пазарите и интернационализирањето. АМП го применува принципот „Прво мисли на малите“ според којшто интересите на МСП се земаат предвид уште во најраните фази во креирањето на политиката. Ова и помага на ЕУ и нејзините земји - членки да изготват законодавство што е ориентирано кон МСП. АМП беше ревидиран во 2011 година и беше извршена процена на постигнатиот напредок во неговото спроведување во целата ЕУ. Ревизијата на АМП е наменета за интегрирање на АМП во стратегијата Европа 2020. Ова ќе вклучува претворање на стратегијата за паметна специјализација (SMART specıalısatıon Strategy) во реалност за европските МСП, посветување посебно внимание на потребите за финансирање на МСП, користење општ приод кон зајакнувањето на пристапот до пазарите за МСП, помагање на МСП да придонесуваат кон економија што ефикасно ги искористува ресурсите и унапредување на претприемништвото, отворањето работни места и инклузивен раст.

Република Македонија доби **статус на земја-кандидат за пристапување кон ЕУ**, што има големи импликации врз стратегијата и програмата за МСП во однос на

забрзувањето на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ и потребата за спроведување на ревидирана Европска повелба за мали претпријатија. Новите иницијативи како што се Инструментот за претпристапна помош и Рамковната програма на ЕУ за конкурентност и иновации (претходно 2007-2013 г., тековно 2014-2020 г.) претставуваат нови предизвици и можности во однос на науката, технологијата и иновациите, како и информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) како средства за зголемување на конкурентноста на МСП.

Стратегијата **Европа 2020** ја утврдува визијата за европската социјална пазарна економија за XXI век. Стратегијата “Европа 2020” предлага три приоритети што меѓусебно се надополнуваат: паметен раст (т.е. развој на економија што се заснова врз знаење и иновации), одржлив раст (т.е. промовирање на економија што поефикасно ги искористува ресурсите, што е позелена и поконкурентна) и инклузивен раст (т.е. негување економија со висока стапка на вработеност што обезбедува социјална и територијална кохезија). Надоврзувајќи се на “Европа 2020”, земјите од Западен Балкан што се вклучени во претпристапните процеси изготвија, исто така, **Стратегија за Југоисточна Европа 2020** (ЈИЕ 2020), што претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбрите пристапи во политиките што се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ. Во последниве две децении се бележат голем напредок и многу значајни постигнувања во Југоисточна Европа. Меѓутоа, регионот сè уште се соочува со определени сериозни предизвици. Стратегијата “ЈИЕ 2020” ја препознава потребата за регионална соработка во избраните области за справување со овие предизвици и забрзување на постигнувањето на развојните цели во клучните сектори.

Конечно, **Акцискиот план Претприемништво 2020** на ЕУ претставува план за решителна заедничка акција за искористување на претприемачкиот потенцијал на Европа, отстранување на постоечките пречки и револуционизирање на културата на претприемништвото во Европа. Тој има за цел да го олесни отворањето на новите претпријатија и да создаде многу поповолно окружување за напредување и раст на постоечките претприемачи. Акцискиот план ги поддржува образованието и обуката за претприемништво за поддршка на раст и отворање на нови претпријатија, зајакнување на рамковните услови за претприемачите преку отстранување на постоечките структурни бариери и нивна поддршка во круцијалните фази во деловниот циклус, како и за распламтување на културата на претприемништво во Европа: поддршка на новата генерација претприемачи[1].

## 1.2 Контекст на националната политика

Република Македонија има утврдено детална и стратешки фокусирана рамка на политиката за економски и индустриски развој што ги обликува јавните политики и програми за развој на МСП.

### 1.2.1 Рамка на економската и индустриската политика

**Програма за економски реформи** (2017-2019 г.) се состои од среднорочната макроекономска и фискална рамка, како и 19 секторски структурни реформи што се потребни за подобрување на конкурентноста и растот.Овие реформи се, пред се,

[1] Европска комисија (2013) *Акциски план за развој на претприемништвото во ЕУ 2020; Повторно будење на претприемачкиот дух во Европа*, соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско-социјалниот комитет и Комитетот на регионите. Брисел, 9.1.2013 COM(2012)795

насочени кон: поврзување на квалификациите со потребите на пазарот на труд, создавање економија водена од иновациите и технологијата, унапредување на МСП, подобрување на соработката помеѓу индустријата и универзитетите, регионално поврзување преку подобрувањето на транспортната инфраструктура, подобрување на перформансите на енергетскиот сектор, надминување на прекугранични тесни грла, искористување на потенцијалот на земјоделскиот сектор, туризмот и ИТ технологијата.

**План за економски раст** опфаќа поддршка на претпријатијта.

Првата поддршка се однесува на инвестициите каде што се спаѓа поддршка на секое ново отворено работно место, поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Македонија, поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување, поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес, поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи; и поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.

Второриот вид на поддршка се однесува на јакнење на конкурентноста на претпријатијата односно поддршка за зголемување на конкуретност на пазарот и поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.

Третиот вид на поддршка се однесува на малите и средни претпријатија кое ќе се реализира преку Фондот за иновации. Поддршката се однесуа на т.н. претпијатија “газели“, технолошки развој на претпријтијата, поддршка на иновативноста ан претпријатијата, поддршка на струшното усовршување на вработените лица како и финансиска поддршка преку joint venture капитал од страна на Фондот за еквити и мезанин

**Индустриската политика** (2009-2020 г.) ја утврдува визијата за индустриски сектор што е ориентиран кон „производи и услуги со повисока додадена вредност, засновани врз знаење, иновации и меѓусебна соработка“. Оваа визија се заснова врз развојот за способности за „применети истражувања и производство на одрживи, органски и специјализирани високо технолошки производи и услуги кои ги задоволуваат потребите на меѓународните сегментирани (нишни) пазари“. До 2020 година Република Македонија ќе развие динамичен спој на одрживи и автентични индустрии како: органско вино и храна, еко-челик, еколошко градежништво, ИКТ, специјализирани електронски делови, производство на обновлива енергија, креативни индустрии, медицинска опрема и услуги, автентичен туризам и други индустрии.

Индустриската политика ја нагласува важноста на МСП и претприемништвото за зголемувањето на нето растот преку подобро финансирање и создавање деловно окружување што ги поттикнува претприемачкиот дух, доживотното учење и промовирањето на иновациите. Таа го поддржува зајакнувањето на глобалните синџири за снабдување преку подобри партнерства со големите извозници. Клучната цел на оваа мерка е подобрувањето на конкурентните способности на домашните МСП снабдувачи и забрзувањето на соработката меѓу големите извозно-ориентирани фирми и домашните снабдувачи. Ова е во согласност со Интегрираната индустриска политика на ЕУ, што претставува нов пристап кон индустриската политика што ја насочува економијата кон динамичен раст преку зајакнување на конкурентноста, обезбедување раст и работни места и овозможување на преминот кон ниско-јаглеродна економија со ефикасно искористување на ресурсите. Ова се постигнува преку спојување на хоризонталната основа и секторската примена, истовремено разгледувајќи го целиот

вредносен синџир и синџирот за снабдување[2]. Владата на Република Македонија (Владата), исто така, е усогласена со Стратегијата за индустриска политика на ЕУ, што води кон посилен европски индустриски сектор за раст и економско заздравување. Таа се обидува да утврди сеопфатна визија, фокусирајќи се на инвестициите и иновациите, истовремено мобилизирајќи ги сите достапни средства за подобрување на трговијата и конкурентноста на МСП[3].

Националната **Стратегија за иновации** (2012-2020) цели кон започнување на трансформација на земјата во економија заснована врз знаења што е способна да биде конкурентна на меѓународните пазари преку нејзината обучена работна сила и иновативни претпријатија. Таа ги препознава иновациите како клучен двигател на економскиот раст и има за цел да ги поттикне конкурентноста и економскиот развој врз основа на знаење и иновации. Стратегијата има за цел да осигури дека, до 2020 година, Македонија ќе поседува ефективен национален систем за иновации што е заеднички креиран од сите актери и е отворен кон светот. Ова ќе се постигне преку зајакнување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации; зајакнување на човечките ресурси за иновации; создавање регулаторно окружување за поддршка на иновациите; и зголемување на тековите на знаења помеѓу актерите во иновациите.

**Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија** (2011-2014 г.) цели кон развој на политиките и спроведување на реформите што ќе доведат до подинамичен економски раст и развој преку зголемување на привлечноста на земјата за домашните и странските инвеститори. Програмата допринесе кон подобрување на општата деловна и инвестициска клима преку постабилни макроекономски и фискални политики, подобрени даночни и царински политики и поддршка на МСП.

**Стратегијата за промоција на извозот** (2011-2013 г.) го обележува патот до зголемувањето на вредноста на извозот генериран од македонските компании од УСД 1,12 милијарди на УСД 1,45 милијарди. Таа се фокусира на четири индустриски сектори: текстил и облека, агробизнис и прехранбена индустрија, индустрија за метали и прецизна механика и ИКТ.

**Стратегијата за претприемачко учење** (2013-2020) има за цел да ја подобри конкурентноста на МСП - особено на оние што се раководени од млади лица и жени - за успешно конкурирање на пазарите на ЕУ. Стратегијата ќе го постигне ова преку подобрување на вештините за вработување и претприемачките компетенции на младите лица и зајакнување на претприемачкиот дух преку принципите за доживотно учење што се вградени во сите сегменти на системот за образование.

### 1.2.2 Рамка на политиката за МСП

Оваа стратегија претставува последно поглавје во низата успешни интервенции во политиките што се наменети за поддршка на развојот и конкурентноста на секторот за МСП во целата земја. Оваа стратегија предвидува средства преку коишто Република Македонија може да работи со приватниот сектор и меѓународната заедница, вклучувајќи ги Обединетите нации и Европската комисија (ЕК), Светска банка и други меѓународни партнери, на поттикнувањето инклузивен економски развој.

---

2 Европска комисија (2010) *Индустриска политика за ерата на глобализацијата – Фокусирање на конкурентноста и одржливоста,* Соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско–социјалниот комитет и Комитетот на регионите.Брисел, 28.10.2010 SEC(2010)1272

3 Европска комисија (2012) *Посилна европска индустрија за раст и економско закрепнување,* соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско-социјалниот комитет и Комитетот на регионите.Брисел, 28.10.2010 SWD(2012)297

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

Изготвувањето на политиките за МСП во Република Македонија започна во 2002 година. Ова беше периодот кога Владата го потпиша Меморандумот со ЕК за учество во Европската повелба за малите претпријатија. Сите земји од Западен Балкан ги прифатија обврските од Повелбата. Токму врз оваа основа Министерството за економија ја изготви првата **Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија** (2002-2013) што вклучуваше “Програма на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малите претпријатија во периодот од 2003 до 2006 година“. Оваа стратегија беше ревидирана во 2007 година и беше донесена нова Програма за развој на претприемништво, конкурентност и иновации за малите и средните претпријатија (2007-2010).

Програмата на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на МСП (2002-2006) беше изготвена како придружен документ на првата национална стратегија за МСП. Програмата ги утврдува приоритетите за подобрување на деловното окружување и успешноста на секторот на МСП, фокусирајќи се на:

- Создавање институционална инфраструктура за унапредување на претприемништвото и конкурентноста;
- Градење поволно економско окружување и подобрување на степенот на економската слобода;
- Промовирање на претприемништвото и нефинансиски форми за поддршка;
- Обезбедување финансиски форми на поддршка за развојот на претприемништвото; и
- Спроведување програма за создавање конкурентност.

Во 2006 година, стратегијата за МСП беше ревидирана: **Ревидираната Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија** (2002-2013) имаше за цел да придонесе кон општо зголемување на вработувањето во секторот за МСП и нивното учество во Бруто домашниот производ (БДП) до крајот на 2013 година. Мерењето се врши преку зголемување на бројот на МСП, бројот на луѓе што се вработени во МСП и вредноста на придонесот на МСП во создавањето на БДП. Ревизијата беше извршена за да се одговори на новите и претстојните предизвици во секторот на МСП, вклучувајќи ја потребата за осигурување на усогласеноста со барањата од применливото законодавство на Унијата (*Acquis Communautaire*), особено со оние што се однесуваат на МСП, како и да се вгради нов фокус на прашањата како што се претприемништвото, иновациите и ИКТ, што беа составен дел на Рамковната програма за конкурентност и иновации на ЕУ (2007-2013). Ревидираната стратегија ги имаше следниве цели:

- Подобрувања во креирањето на политиката;
- Поедноставување на правното и регулаторното окружување;
- Подобрување на пристапот до финансии;
- Поедноставување на оданочувањето;
- Промовирање на информатичката и комуникациската технологија;
- Зајакнување на науката, технологијата и иноваторството во функција на развојот на МСП;
- Промовирање на претприемништвото во образованието и обуката;
- Охрабрување на интернационализацијата на МСП;
- Подобрување на услугите за деловен развој; и
- Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

Национална стратегија за МСП (2018-2023) ги надградува постигнувањата на претходната стратегија. Таа ги продолжува напорите за подобрување на деловното окружување за развој на МСП, истовремено зајакнувајќи ги напорите за подобрување на конкурентноста и иновациите. Оттаму, стратегијата се обидува да го задржи реформскиот замав што беше постигнат од Владата и да ги продлабочи овие реформи секогаш кога тоа е можно.

Република Македонија бележи значајни постигнувања во своите економски и деловни реформи. Светската банка ја рангираше Македонија на десеттото место во светот според Индексот за леснотија при водење бизнис (*Водење бизнис во 2017 г.*), што претставува скок од шест места во споредба со претходната година. Според Глобалниот индекс за конкурентност на Светскиот економски форум, македонската економија е рангирана на 60-тото место во 2015-16, што претставува значаен скок во споредба со 80-тото место во 2012-13.

Последниот преглед на Индексот на економските политики во сферата на МСП во ЕУ (Организација за економска соработка и развој, (OECP) 2016) дава пофалби за Македонија за нејзината институционална рамка и оперативното окружување, при што земјата се смета за „една од најнапредните економии во регионот на Југоисточна Европа во однос на унапредувањето на својот сектор на МСП“. Прегледот ја охрабрува Македонија да ја продолжи својата реформска програма и да осигури соодветно обезбедување на услуги што ги задоволуваат потребите на МСП. Прегледот содржи и предлози за подобрувања на следењето и оценувањето на политиките, програмите и услугите за МСП и за поддршка на диверзификацијата на небанкарските извори на финансии.

Во март 2016 година, Државниот завод за ревизија издаде извештај за развојот и поддршката на МСП што се фокусираше на одредбите за развој на МСП во политиките и законодавството, како и на влијанието на финансиските програми и програмите за развој на човечките ресурси. Овој извештај препорачуваше подобрувања во:

- *Координација на МСП:* усогласување на законодавството, особено на Законот за Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ) и Законот за трговски друштва, за примена на единствена класификација на МСП и осигурување еднаков третман од институциите што ги спроведуваат мерките за државна помош и поддршка; подобрување на комуникацијата меѓу креирањето на политиките и развојот на програмите за МСП на централно и локално ниво; и развој на стратешки политики за претприемништво и поддршка и развој на МСП;
- *Ефикасно искористување на ресурсите:* анализирање на улогите, функциите и долгорочната одржливост на агенциите за поддршка на МСП; подобрување на комуникацијата меѓу централните и локалните агенции за развој на МСП; и, кога е тоа потребно, проширување на асортиманот на услугите за развој на МСП; и
- *Следење и оценување:* Воспоставување интегриран систем за управување со успешноста, што вклучува следење и оценување на учеството на МСП во макроекономските показатели (на пр., БДП, извоз, работна сила, продуктивност).

Овие препораки обезбедија соодветни информации за формулирање на тековната стратегија. Такви информации беа обезбедени, исто така, и од резултатите на недамнешните анкети и консултации со МСП што се опишани во следното поглавје.

# 2 Профил на МСП и предизвици

Стратегијата за МСП има за цел да одговори на критичните предизвици и прашања со коишто се соочува секторот на МСП во Република Македонија. Во последниве години се извршени низа различни национални евалуации на секторот за МСП, паралелно со останатите, меѓународни евалуации. Наодите од овие процени обезбедија информации за ревидирањето на владините политики и стратегии за развој на МСП во целата земја[4]. Тука е вклучена и националната анкета на МСП што беше спроведена во текот на изготвувањето на оваа Стратегија (МОТ 2016 г.).

## 2.1 Дефиниција за МСП

Во Република Македонија не постои единствена дефиниција за МСП. Во Законот за трговски друштва од 2004 година, во делот за трговски книги, годишни сметки и финансиски извештаи, со членот 470 се класифицираат големите, средните, малите и микро трговци, од аспект на водење на сметководство. Оваа дефиниција е усогласена со дефиницијата на ЕУ (ЕУ Препорака 2003/361) во однос на праговите за бројот на вработените, но не и со праговите за годишен приход и биланс на состојба, Исто така, различните агенции имаат различни критериуми за своите услуги. На пример, Законот за основање на АППРМ (т.е., Законот за основање на Агенција за МСП на Република Македонија), ги идентификува МСП како независни претпријатија што имаат помалку од 50 вработени, остваруваат вкупен годишен обрт што не надминува 1,5 милиони евра, изразен во МКД, и се најмалку 51 процент во приватна сопственост (член 3).

**Слика 1:Дефиниција на микро, мали и средни претпријатија**

| **Големина на друштвото** | **ЕУ дефиниција** | **Закон за трговски друштва 2004 г. (Изменет и дополнет 2013 г.)** |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250 вработени, И<br>≥10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

ИЗВОР:Министерство за економија (2004) Закон за трговски друштва (изменет и дополнет 2013 г.), Министерство за економија

[4] Тие вклучуваат: МОТ (2013) *Процена на поволното опкружување за одржливо претприемништво; Македонија;* МОТ (2016) *Национална анкета за МСП;* ОЕСР (2016) *Индекс на политики за МСП; Западен Балкан и Турција 2016; Оценување на спроведувањето на Актот за мали претпријатија за Европа;* Државен завод за ревизија (2016) *Извештај за ефикасноста на системот за креирање и спроведување на политиките, мерките и активностите поврзани со развојот на МСП и поддршката за МСП*; Светска банка (2013) *Македонија, Профил на земјата; Анкети на претпријатија;* Светска банка (2016) *Водење бизнис во Македонија;* Светски економски форум (2016) *Глобален индекс на конкурентноста 2016-17; Македонија.*

## 2.2 Профил на МСП

Без оглед на големината на поединечните претпријатија, секторот на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) како целина е доминантен во македонската економија. Најновите податоци покажуваат дека 99,8% од сите претпријатија припаѓаат во оваа група. Во 2013 година, 53.137 претпријатија биле ММСП, што претставува намалување во споредба со 55.385 претпријатија во 2009 година. Како што е прикажано на Слика 2, 91,0% од сите претпријатија во земјата се микро претпријатија.

ММСП, исто така, се најголемите работодавачи, обезбедувајќи 76,6% од сите вработувања. Од овој аспект, утврдено е дека микро претпријатијата вработуваат само една третина од вкупниот број на работници, додека, пак, МСП заедно вработуваат 43,0% од сите работници. Малкуте големи претпријатија што се наоѓаат во земјата, со повеќе од 250 вработени, обезбедуваат вработување за 23,4 проценти од работната сила.

Од гледна точка на додадената вредност, придонесот на микро претпријатијата и понатаму опаѓа. Без оглед на својата бројност, микро претпријатијата учествуваат со само 24,0% во додадената вредност, додека, пак, МСП учествуваат со 43,0%. Големите претпријатија се значително поголеми генератори на додадена вредност (слика 2).Според тоа, клучниот предизвик е да им се помогне на микро и малите претпријатија да остварат раст и да придонесуваат во поголема мера кон националната вработеност и да креираат додадена вредност.

**Слика 2: Показатели за демографијата на претпријатијата**




ИЗВОР:OECP (2016) *Индекс на политики за МСП; Западен Балкан и Турција 2016; Оценување на спроведувањето на Актот за мали претпријатија за Европа*, OECD Publishing, Paris

Уделите на МСП во вработеноста и додадената вредност забележаа благ пораст во текот на периодот од 2009 до 2013 година. Исто како во останатите економии во регионот, најголемиот број на МСП работат во секторот за трговија на големо и мало (44,0%), по што следи производниот сектор (13,0%) (OECP 2016).

## 2.3 Клучни предизвици

### 2.3.1 Деловно окружување

Македонија има релативно добро деловно окружување, со простор за поматамошно подобрување. Извештајот *“Водење бизнис”* на Светска банка (2017) ја рангира Македонија на 10-тото место според Индексот за леснотија при водење бизнис. Всушност, земјата е четврта во светот во однос на леснотијата за започнување бизнис. Според индексот за регистрирање и плаќање даноци, Македонија е рангирана на деветтото место во светот.

**Трудово право**

Национална анкета за МСП на МОТ (2016) утврди дека трудовото право претставува значајно прашање за голем број работодавачи од приватниот сектор. Приближно 91,0% од сите претпријатија одговориле дека имаат склучено формални писмени договори со своите вработени. Меѓутоа, најголемиот број на вработени не се синдикално организирани и не се осигурени против несреќи или повреди на работното место.

Покрај тоа. голем број од основачите, управителите и менаџментот на МСП изразија загриженост во однос на законите од областа на трудовото право, опишувајќи ги како закони што „го обесхрабруваат растот“, односно отежнетите услови од административните процедури по однос на правата на вработените.

Исто така, од страна на МСП, се истакнуваат и честите и ригорозни трудови инспекции.

**Трговски спорови**

Пристапот до правдата и решавањето на трговските спорови е предизвик за многу МСП. Национална анкета за МСП на МОТ (2016) утврди дека најголемиот број испитаници (91,0%) побарале правни совети за некое прашање поврзано со деловното работење. Постои можност за подобрувања во оваа област, особено преку развојот на алтернативни механизми за решавање спорови.

**Стечај**

Национална анкета за МСП на МОТ (2016) утврди дека само 6,0% од испитаниците биле под стечај во минатото. Ова било почеста појава меѓу микро претпријатијата отколку кај другите видови на претпријатија. Податоците од анкетата покажуваат дека најголемиот број на основачите, управителите и менаџментот на МСП сметаат дека тековните одредби за стечајот не им даваат втора шанса на претприемачите. Иако основањето на друштво е едноставно, затворањето на едно друштво е многу сложен процес што треба да се подобри (преку скратување на роковите и трошоците).

### 2.3.2 Услуги за деловен развој

Постојат многу организации, програми и проекти за поддршка на развојот на МСП. Меѓутоа, тие најчесто се обезбедуваат директно од Владата, меѓународните партнери и донатори, а многу помалку од приватниот сектор. Исто така, постојат голем број даватели на услуги за деловен развој (УДР) од приватниот сектор, но најголемиот број на ваквите даватели на услуги се лоцирани во Скопје. Во последните неколку години, традиционалните модели за поддршка на претпријатијата во основање („старт-ап“ претпријатија) и растот (т.е. обука за деловни вештини, конкурси за деловни планови) се заменуваат со нови модели и услуги кои се бараат од страна на МСП како што се интернационализација, иновативни решенија инвестирање во обновливи извори на енергија, итн. Обуката на претпријатијата се фокусира на „акцелерација на бизнисот“ што предвидува интензивна обука од три до четири месеци со подготвеност за

инвестирање. Акцелераторите тековно се фокусираат на ИКТ секторот во Македонија и најголемиот број од нив се лоцирани во Скопје.

### 2.3.3 Пристап до финансии

Голем број МСП имаат проблеми со пристапот до финансиските услуги. Извештајот на ЕК (2016) за Македонија наведува дека пристапот до финансии останува тежок за МСП, со оглед на пречките како во понудата, така и во побарувачката на кредитите, без оглед на изобилната ликвидност на банките[5]. Овој проблем е утврден насекаде во земјата. Процената на Поволното окружување за одржливи претпријатија (ПООД) на МОТ (2013) утврди дека растот на МСП првенствено се заснова врз самофинансирање, со изразено претпочитање на користење на задржаната добивка или нов, приватен или семеен капитал или капитал од пријатели. Финансирањето со задолжување од банка е на ниско ниво во споредба со останатите земји. Користењето на бизнис ангелите и претприемачкиот капитал е на ниско ниво. Високите трошоци на заем од банка (барањата за обезбедување, високите каматни стапки, итн) беа наведени во анкетата на МОТ (2016) како еден од најголемите проблеми за МСП, особено за помалите претпријатија.

### 2.3.4 Култура на претприемништво

Нешто повеќе од една третина од претпријатијата што биле анкетирани од МОТ (2016) изјавиле дека напуштиле претходно работно место во приватниот сектор за да отворат свое претпријатие. Нешто помалку од една третина биле невработени лица кога го започнале сопствениот бизнис, додека, пак, останатите испитаници биле студенти или владини службеници пред да го основаат своето претпријатие. Овие бројки не варираат многу кога станува збор за мажите или жените.

Најчесто наведуваната причина за основање на претпријатие била да станат самите свои шефови (51,0%); втората најчесто наведувана причина била флексибилноста на работата (30,0%). И во овој случај, нема варијации кога станува збор за мажите или жените.

### 2.3.5 Продуктивност и работни услови

Образованието и обуката придонесуваат кон развојот на економија што се заснова врз знаење и, оттаму, кон економскиот развој воопшто. Од гледната точка на МСП, образованието и обуката и достапноста на бараните вештини се суштински развојни фактори. Дополнително, пристапот до квалификувана работна сила е една од најпроблематичните области кога станува збор за МСП.

### 2.3.6 Застапување, дијалог и посредување

Национална анкета за МСП на МОТ (2016) утврди дека околу една половина од вкупниот број на МСП се членови на некој вид на деловна организација или организација на работодавачи. Нивоата на членството се разликуваат во зависност од големината на претпријатието: 45,0% микро претпријатија, 58,0% мали претпријатија и 77,0% средни претпријатија. Деловните жени со поголема веројатност се приклучуваат на некоја деловна организација или организација на работодавачи: 61,0% од сите жени испитаници, во споредба со 44,0% од мажите испитаници. Најголемиот број членови на деловните организации или на организациите на работодавачите се пасивни членови и пријавуваат мал директен ангажман во активностите на овие организации.

---

[5] Европска комисија (2016) *Република Македонија, Извештај за 2016 г.;* Соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско-социјалниот комитет и Комитетот на регионите, 2016 Соопштение за политиката за проширување на ЕУ, Работен документ на стручната служба на Комисијата, 9 ноември, Брисел.

# 3 Визија, општа цел и цели на стратегијата

## 3.1 Визија на стратегијата

МСП во 2023 се двигатели на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.

## 3.2 Општа цел на стратегијата

Стратегијата за МСП воспоставува рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста а во насока на подобрување на нивната конкурентност.

## 3.3 Стратешки цели

Стратегијата за МСП е осмислена околу три стратешки цели. Тие ги обезбедија насоките за формулирањето на три столбови, врз чијашто основа се организирани посебните програмски интервенции. Тие се претставени подолу во овој документ (видете Поглавје 5).

**Стратешка цел 1 — Поволно деловно окружување:**

> Да се создаде поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите.

**Стратешка цел 2 — Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП:**

> Да им се помогне на МСП во Македонија да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.

**Стратешка цел 3 - Динамичен екосистем на претприемништво и иновации:**

> Да се поттикне економската конкурентност на Македонија преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП.

## 3.4 Целни групи

Крајните корисници на Стратегијата за МСП се сите микро, мали и средни претпријатија, како формалните, независно од секторот и индустријата во која работат и нивната локација во рамки на Република Македонија, а во согласност со критериумите со кои се дефинираат микро, малите и средни претпријатија. Приоритет ќе претставуваат оние сектори и индустрии каде постојат најголеми перспективи за раст и отварање на нови работни места.

Во креирањето на Стратегијата и политиките за МСП, како и реализација на мерките кои произлегуваат од Стратегијата за МСП, Владата, преку своите министерства и државни и јавни институции ќе соработува со стопанските организации, организациите на работодавачите, синдикатите и невладиниот сектор, со цел да се обезбеди поквалитетно креирање и реализација на политиките и мерките кои произлегуваат од Стратегијата. Соработката ќе обезбеди поголема транспарентност, подготвеност на МСП за евентуалните промени во деловното окружување и полесен пристап до сите услуги кои им стојат на располагање.

Владата го поддржува создавањето на институционална рамка преку која ќе се спроведуваат програмите и услугите за развој на МСП, вклучувајќи ги УДР и

финансиските услуги. Од овие институции и организации кои делуваат во оваа рамка се бара да ги идентификуваат МСП кои ќе поддржат и истите да ги известат за услугите кои ги нудат за нив.

Во рамките на целиот МСП сектор, посебно внимание му се дава на развојот на следниве целни групи:

- **МСП ориентирани кон висока стапка на раст:** овие претпријатија вообичаено се основани пред повеќе од три години; тие се најчесто мали или средни претпријатија и имаат добро познавање на пазарите во коишто работат. Со пристап до вистинските видови УДР и финансиски услуги, овие претпријатија имаат голем потенцијал за отворање работни места и за ширење на пазарите во ЕУ и останатите меѓународни пазари.
- **МСП во секторите и вредносните синџири со висока стапка на раст:** плановите за економски развој што ги идентификуваат индустриските сектори со потенцијал за брз раст треба експлицитно да ги опишат начините на коишто може да растат МСП во овие сектори. Ова ќе вклучува стратегии за зголемување на нивното учество во вредносните синџири на секторите со висока стапка на раст.
- **Високо иновативни МСП:** посебно внимание ќе се посвети на поддршката на развојот на МСП што се основани за комерцијализирање на нови иновативни производи, услуги или деловни модели. Ова ќе вклучува партнерства со универзитетите и секторот за ИР.
- **МСП во сопственост на жени и млади лица:** Развојот на МСП обезбедува моќен механизам за економско јакнење на социјалните групи што често се исклучени од целосното учество во економијата и поврзаниот пазар на трудот, како што се жените и младите лица. Оттаму, може да се осмислат програми и услуги за развој на МСП за поддршка на овие групи.

# 4 Принципи

Следниве принципи ја формираат основата за развојот на МСП во Република Македонија:

1. Министерството за економија обезбедува надзор и лидерство во развојот на секторот за МСП, координирајќи и интегрирајќи ги политиките и програмите со клучните владини министерства, сектори и агенции, како и со деловните организации и организациите на работодавачите, синдикатите и сите останати релевантни организации од граѓанското општество и невладини организации (НВО).
2. Развојот на МСП е стратешки усогласен со плановите за економски развој на Владата на Република Македонија и со идентификацијата на посебните сектори на економски раст.
3. Услугите за развој на МСП го зголемуваат потенцијалот за одржлив и инклузивен раст, истовремено поддржувајќи го отворањето продуктивни и пристојни работни места во секторот на МСП.
4. Секогаш кога тоа е можно, се применуваат системски, пазарно ориентирани и одржливи приоди кон развојот на МСП за да се адресираат основните ограничувања и бариери во секторот и да се осигури дека сите МСП ги користат придобивките од овие интервенции.
5. Од суштинско значење е постоењето на деловно окружување што е поволно за растот на МСП. Ова се постигнува преку континуиран процес на процени, реформи и дијалог со деловната заедница.
6. Сите услуги за развој на МСП се внимателно насочени, ориентирани согласно побарувачката и интегрирани. Секогаш кога е тоа можно, сите чинители што се вклучени во секторот на МСП (јавни, приватни и заедницата) и самиот сектор на МСП, застапуван од деловните организации, организациите на работодавачите и синдикатите работат заеднички на осигурувањето дека нивните активности се комплементарни и координирани.
7. Редовниот и структурираниот дијалог меѓу министерствата, секторите и агенциите на централната власт, единиците на локалната самоуправа и МСП секторот е од суштинско значење за осмислувањето ефективни интервенции за поддршка и подобро деловно окружување.
8. Развојот на МСП посветува посебно внимание на ограничувањата и предизвиците со коишто се соочуваат жените и младите лица што водат и управуваат сопствени претпријатија.
9. Се вложува во создавањето и управувањето со знаење во врска со секторот на МСП и развојните интервенции.

Дополнително, „Актот за мали претпријатија“ на Европската унија претставува десет клучни принципи за развојот на малите претпријатија, што Владата на Македонија ги одобрува и сака да ги примени:

10. Создавање окружување во коешто претприемачите и семејните претпријатија може да просперираат и во коешто се наградува претприемништвото: Владата се грижи за идните претприемачи преку поттикнување на интересот и талентот за претприемништво, особено меѓу младите лица и жените, и преку поедноставување на условите за деловните трансфери.
11. Осигурување дека чесните претприемачи што биле предмет на стечај брзо добиваат нова можност: Владата промовира позитивен став во општеството кон обезбедувањето можности за нов почеток за претприемачите, преку олеснувањето и забрзувањето на постапката за поднесување барање за

неизмамнички стечај и осигурување дека рестартираните претпријатија добиваат еднаков третман како новоосnованите претпријатија.

12. Конципирање на правилата во согласност со принципот „Прво мисли на малите“: осигурување дека сите законодавни акти и регулативи на Владата за секторот на малите претпријатија се внимателно разгледани и прифатени од деловната заедница пред нивното воведување.
13. Државната администрација стои на располагање за задоволување на потребите на МСП.
14. Приспособување на алатките од јавната политика кон потребите на МСП и олеснување на учеството на МСП во постапките за јавни набавки и подобро искористување на програмите за поддршка на малите и средни претпријатија.
15. Олеснување на пристапот до финансии за малите и средни претпријатија и развивање правно и деловно окружување што поддржува навремено плаќање во трговските трансакции: конкретно, Владата ќе го олесни промовирањето на ризичен капитал, микро-кредити и мезанинско финансираање (комбинирано финансирање преку кредити и учество во удели) и ќе развие правно и деловно окружување што поддржува навремено плаќање во трговските трансакции.
16. Помагање на МСП подобро да ги искористат можностите што ги нуди единствениот пазар на ЕУ: преку подобрување на управувањето со единствениот пазар и информации за политиката за единствен пазар, овозможување на подобро претставување на интересите на малите претпријатија во имплементирањето на стандардите и олеснување на пристапот на МСП до патенти и трговски марки.
17. Промовирање на надградбата на вештините во МСП и на сите облици на иновации: Владата го охрабрува инвестирањето во истражување од страна на МСП и нивното учество во програмите за ИЕ, транснационално истражување, формирање кластери и активно управување со интелектуалната сопственост од страна на МСП.
18. Оспособување на МСП да ги претворат еколошките предизвици во деловни можности: Владата ќе обезбеди повеќе информации, експертиза и финансиски стимулации за да му помогне на секторот на малите и средни претпријатија да ги искористи можностите за новите „зелени“ пазари и зголемената енергетска ефикасност, делумно преку спроведување системи за управување со животната средина во МСП.
19. Охрабрување и поддржување на МСП во искористувањето на растот на меѓународните пазари: Владата ќе го олесни обезбедувањето посебна пазарна поддршка и активности за деловна обука и информирање.

# 5 Столбови на стратегијата

Столбовите на стратегијата се основните концепции на Стратегијата. Тие се врамени во согласност со трите стратешки цели (претставени во Поглавје 3).

## Столб 1: Поволно деловно окружување

**Стратешка цел 1: Да се создаде поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите.**

Стратегијата за МСП ќе продолжи да ги поддржува подобрувањата на националното деловно окружување за да осигури дека Република Македонија претставува деловно ориентирано окружување како за домашните, така и за странските претпријатија. Владата го усвои приодот „Прво мисли на малите“ кон развојот на политиките и програмите.

Со цел да се обезбеди ефикасна реализација на политиките и мерките предвидени во стратегијата и јасно делегирање на правата и обврските на различните чинители, Владата ќе донесе нов закон за МСП со кој ќе се обезбеди законска основа за реализација и следење на реализацијата на политиките и мерките. Со законот за МСП ќе се обезбеди единствена класификација на претпријатијата, со која потоа ќе се усогласат останатите законски и подзаконски акти кои се поврзни со МСП.

Владата ќе го подобри координирањето и интегрирањето на своите политики што ги засегаат МСП, преку креирање на тело за следење на реализацијата на политиките и мерките кои произлегуваат од оваа Стратегија, во кое ќе членуваат релевантните министерства, државни и јавни институции, деловни организации, организации на работодавачите и синдикалните организации. Истовремено Владата ќе работи на подобрување на механизмот за обезбедување на услугите за развој на МСП, користејќи го принципот на “one stop shop” или сите услуги на едно место. Министерството за економија ќе го предводи процесот преку којшто агенциите за поддршка на МСП се оценуваат со цел да се подобри нивното идентификување на целните групи и нивните резултати. Иако Владата ќе продолжи да ги поддржува АППРМ и останатите јавни институции и организации што го поддржуваат развојот на МСП, таа ќе се осигури дека тие усвојуваат модел за долгорочна одржливост. Во согласност со препораките на Државниот завод за ревизија (2016), Министерството за економија, во соработка со други министерства, сектори и агенции, вклучувајќи го Националниот совет за претприемништво и конкурентност, ќе ги интегрира националните политики поврзани со претприемништвото и поддршката и развојот на МСП, земајќи ги предвид потребите и повратните информации од МСП. Ова ќе вклучува координација и интегрирање со единиците на локалната самоуправа.

Напорите на Владата за поедноставување и рационализирање на правното и регулаторното окружување за МСП ќе продолжат, осигурувајќи дека замавот на реформите за подобро деловно окружување се одржува и продлабочува. Ова ќе вклучува проценување на влијанието на новите и постоечките прописи врз деловната заедница. Ќе бидат спроведени натамошни реформи на стечајната постапка, вклучувајќи намалување на потребното време за завршување на стечајната постапка, што тековно изнесува 1,8 години.

Сè повеќе земји започнуваат да гледаат на стечајот како на искуство во учењето за претприемачите. Меѓутоа, ако не се направи јасно разграничување на чесните, но несреќните, и нечесните или измамничките претприемачи што биле предмет на стечај, првите би можеле да бидат стигматизирани. Оттаму, непостоењето на рехабилитација

и/или долготрајното и оптоварувачкото отплаќање на долговите го отежнуваат финансирањето на новите стартапи[6]. ОЕСР ја препознава важноста на помагањето на претприемачите чиишто претпријатија пропаднале да основаат нови претпријатија и да гледаат на стечајот како на средство за подобро разбирање како да почнат наново. Ова го вклучува користењето кампањи за промовирање на позитивни ставови кон овозможувањето нов почеток за неуспешните претприемачи и охрабрување на потенцијалните претприемачи што почнуваат одново преку обука и информативни кампањи[7].

Владата ќе воведе систем за рано предупредување за идентификација на претпријатијата со финансиски тешкотии за да го помогне во спречувањето на стечајот, односно да се намали бројот на МСП кои одат во стечај поради. Ова вклучува воспоставување самопроверки, повикувачки центри и курсеви за обука за идентификување на прептијатијата со финансиски потешкотии [8] . Ќе се креираат информативни кампањи за промовирање на втората можност за претприемачите што претходно доживеале неуспех но стекнале вредно искуство во однос на основањето претпријатие.

Во согласност со препораките од Индексот за политиките за МСП (ОЕСР 2016 г.), Владата и сите останати државни институции вклучени во креирање или реализација на политиките или мерките од оваа Стратегија, ќе ги зајакнат своите консултации и механизми за водење дијалог со приватниот сектор. Посебно внимание ќе биде посветено на вклучувањето на деловните жени во овие механизми, како и на осигурување дека се слуша гласот на микро претпријатијата.

Владата ќе ги подобри квалитетот и квантитетот на податоците што ги собира за МСП.Ова ќе вклучува подобрувања на редовното следење на профилот на МСП (на пр. број на основани претпријатија, вработеност, родови прашања и додадената вредност), трендовите и бариерите. Во согласност со препораките на Државниот завод за ревизија (2016), Министерството за економија ќе воспостави интегриран систем за управување со успешноста за јасно дефинирање на клучните фактори за успех на специфичните поединечни мерки и за следење на конкурентноста на МСП преку утврдување на нивното процентуално учество во остварувањето на макроекономските показатели.

Исто така, ќе бидат направени подобрувања на начинот на којшто Владата го следи и оценува влијанието на програмите и услугите за развој на МСП. Ова е во согласност со препораките од Индексот за политиките за МСП (ОЕСР 2016) за проширување на опсегот и темелноста на собирањето статистички податоци меѓу МСП. За ова ќе биде потребна координација помеѓу Министерството за економија, Државниот завод за статистика и сите останати владини институции кои работат во оваа сфера, што ќе го подобри користењето на информациите од следењето и статистичките информации за процена на влијанието на владините политики и програми.

Конечно, ќе се обезбеди поддршка за креирањето на Национална асоцијација на МСП. Оваа организација ќе го подобри учеството и застапувањето на интересите на МСП во креирањето на политиките и спроведувањето и оценувањето на програмите на владата.

Столб 2: **Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП**

---

6 Европска комисија (2011) *Втора можност за претприемачите,* ЕК, Брисел

7 ОЕСР (2016), *Индекс на политики за МСП;Западен Балкан и Турција 2016*, ОЕСР, Париз.

8 За дополнителни информации видете:Европска комисија (2014), *Препорака на Комисијата од 12.3.2014 година за Новиот пристап кон пропаѓањето и стечајот на претпријатијата, COM(2014),* Европска комисија, Брисел.

**Стратешка цел 2: Да им се помогне на МСП во Македонија да станат продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.**

Владата ќе продолжи да го поддржува развојот на МСП, отстранувајќи ги ограничувањата и поттикнувајќи го растот во новите сектори и секторите во развој. УДР за развој на МСП ќе бидат подобрени. Исто така, ќе бидат подобрени механизмите и процесите за следење, оценување и учење во врска со услугите за развој на МСП. Владата ќе продолжи да ги унапредува своите активности за следење на програмите и процената на влијанието на развојните услуги и научените лекции, за да ги подобри политиката и практиката во развојот на МСП. Ова ќе вклучува воспоставување механизми за добивање повратни информации од МСП за сите програми и услуги за развој на МСП.

Владата ќе го поддржи воведувањето и подобрувањето на услугите и практиките за развој на МСП преку менторство, обука, финансиска, експертска и техничка поддршка, услуги за акредитација и останати услуги кои ќе им бидат потребни на овие претпријатија, при што во предвид ќе се има принципот се на едно место, со цел полесен пристап и добивање на бараните информации од страна на МСП. Исто така, ќе биде обезбедена поддршка за развој на стратешките кластери и вредносните синџири. Сите даватели на УДР ќе бидат охрабрени да поднесуваат извештаи до Координативното тело за тоа како ги утврдуваат целните групи за своите програми и услуги. Давателите на УДР ќе бидат мотивирани, покрај општите видови обуки, да нудат и посебно приспособени сесии за потенцијалните претпријатија и претпријатијата со висока стапка на раст.

Посебно внимание ќе се посвети на поддршката на женското претприемништво. Ова е во согласност со последните препораки на ЕУ во однос на развојот на МСП[9]. Ќе биде направена посебна стратегија за женско претприемништво со која давателите на УДР ќе бидат поддржани во напорите за изготвување посебни алатки и методи во оваа област.

Владата, исто така, ќе поддржи продуктивен и конкурентен сектор на МСП преку подобрување на пристапот на МСП до финансиски услуги. Иако беше постигнат значаен напредок во оваа област, потребни се дополнителни подобрувања. Натамошните реформи во оваа област ќе вклучуваат создавање на онлајн регистар на движниот имот што може да се искористи како обезбедување за заемите од банка, креирање на портал каде МСП ќе може да ги добијат сите информации за сите форми на финансирање, програми и фондови за поддршка на МСП (домашни и странски).

Националната Индустриска политика (2009-2020 г.) повикува на воведување нови финансиски инструменти за развој на МСП. Во согласност со тоа и со препораките од Индексот за политиките за МСП (ОЕСР 2016 г.), ќе биде спроведена програма за промовирање на користењето на факторингот. Покрај тоа, ќе се ревидира шемата за кредитни жиранти, поедноставувајќи ги нејзините процедури, во тесна соработка со приватните банки и со општо реформирање на дизајнот, структурата и условите на оваа шема.

Информативна и едукативна кампања за финансиска писменост ќе се воведе во системот за средно образование, во институциите за општо како и за стручно и

[9] Европска комисија (2016) *Република Македонија, Извештај за 2016 г.;* Соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско-социјалниот комитет и Комитетот на регионите, 2016 Соопштение за политиката за проширување на ЕУ, Работен документ на стручната служба на Комисијата, 9 ноември, Брисел.

техничко образование, и ќе биде вклучена во пакетот на услуги за обука што се обезбедуваат од страна на агенциите за развој на МСП.

Владата воспостави стратешка и институционална рамка за промовирање на извозот што е наменета за подобрување на интернационализирањето на секторот на МСП. За да осигури дека секторот на МСП е извозно ориентиран и се раководи според новите можности во ЕУ и светот, Владата ќе ја интензивира својата поддршка во оваа област. Ќе биде нарачана национална процена на можностите, пречките и капацитетите на МСП за влез на брзорастечките меѓународни пазари. Резултатите од оваа процена ќе обезбедат директни информации за ревизијата на националната извозна стратегија, што ќе биде интегрирана во развојот на МСП. Владата ќе обезбеди повеќе средства за агенцијата за промовирање на извозот и ќе го подобри следењето и оценувањето на услугите за промовирање на извозот. Ова ќе вклучува поголемо интегрирање и координација со АППРМ и останатите релевантни организации. Ќе се креира портал каде сите МСП ќе може да добијат информации и податоци за условите, можностите и ограничувањата на странските пазари, кои ќе им го олеснат пристапот до странските пазари.

Владата ќе го поддржи учеството на МСП во стратешките индустриски сектори. Ќе бидат вложени поголеми напори за идентификација на клучните меѓународни вредносни синџири во коишто македонските МСП имаат капацитети за успешно учество и ќе бидат развиени програми и услуги што ќе им помогнат на овие претпријатија да влезат на овие пазари. Ова е во согласност со националната Индустриска политика (2009-2020 г.) чијашто клучна цел е подобрувањето на соработката во индустриските кластери и мрежи. Оваа активност ќе се спроведе во партнерство со Европската мрежа на претпријатија. Како што е наведено во Индустриската политика, Република Македонија, до 2020 година, ќе развие динамичен спој на одржливи и автентични индустрии во следниве области: органско вино и храна, еко-челик, еколошко градежништво, ИКТ, специјализирани електронски делови, производство на обновлива енергија, креативни индустрии, медицинска опрема и услуги, автентичен туризам и други индустрии.

За унапредување на своите реформи во ИКТ секторот, Владата ќе го поддржи развојот на МСП во овој сектор промовирајќи го користењето на ИКТ од страна на МСП како стратегија за стимулирање на зголемена продуктивност и конкурентност.

Владата ќе го поддржи развојот на МСП во рамките на зелената економија. Ова ќе вклучува реформи на националните политики, како и дизајнирање инструменти и услуги за поддршка за обезбедување стимулации и поддршка за „зелените МСП“ во рамките на пазарите што се поврзани со животната средина, како и за поддршка на усвојувањето еколошки прифатливи деловни практики. Ова, исто така, е во согласност со националната Индустриска политика, каде што една од клучните цели е поддршката на еколошки прифатливи производи и услуги. Ова ќе се надоврзе и на заедничката програма на Владата и Светска банка за поддршка на конкурентни индустрии и иновации.

Конечно, Владата ќе го поддржи креирањето на онлајн Портал за МСП, што ќе обезбедува низа различни корисни информации за секторот на МСП, вклучувајќи информации за политиките, програмите, трендовите и услугите за поддршка. Порталот ќе се поврзе со останатите едношалтерски системи на Владата и други иницијативи за е-влада. Ова вклучува креирање на “сеопфатен едношалтерски систем“ што ќе работи како мрежа за меѓусебно поврзување на едношалтерските системи, за издавање деловни лиценци и дозволи) што тековно функционираат во земјата. Како што е наведено во националната Стратегијата за конкурентност со акциски план (2016-2020),

ова ќе вклучува развој на интернет база на податоци што може да се пребарува, а која ќе им помогне на корисниците да утврдат кои сè лиценци, дозволи и одобренија се потребни за основање претпријатие; ќе овозможи преземање и поднесување на потребните формулари, вклучувајќи развој на динамичен линк до институциите, за да се осигури дека базата на податоци постојано се ажурира, секогаш кога ќе се изменат барањата поврзани со лиценците, дозволите и одобренијата.

## Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации

**Стратешка цел 3: Економската конкурентност на Македонија сè повеќе се поттикнува од претприемачкиот и иновативниот сектор на МСП.**

Стратегијата за МСП ќе создаде динамичен екосистем на претприемништво и иновации во којшто новите, иновативни претпријатија во основање се поттикнуваат и поддржуваат. Ова ќе ги зајакне врските меѓу индустријата, образованието и научно-истражувачката заедница. Македонските претпријатија многу ретко одржуваат тесни врски со образовните и научните институции и истражувачките центри. Креирањето, зајакнувањето и одржувањето на овие врски ќе го охрабри интернационализирањето на истражувачките активности и ќе помогне во промовирањето на партнерствата со европските истражувачки институти и претпријатија.

Владата ја препозна важноста на развојот на човечкиот капитал преку подготвување на младите луѓе за предизвиците на претприемништвото. Националната стратегија за претприемачко учење и иницијативите на Националната мрежа на едукатори за претприемништво утврдуваат јасни насоки во оваа смисла. Во следната фаза на овие напори, Владата ќе ја интегрира обуката на наставниците и учениците за да осигури дека таа е достапна во сите нивоа на образовниот систем. Ова ќе вклучува воспоставување нови партнерства меѓу Владата, индустријата и образованието.

Ќе се подобри координацијата меѓу јавните, приватните, невладините и меѓународните даватели на услуги. Обуката за МСП и жените претприемачи ќе се подобри и програмите и услугите за стручно образование и обука ќе бидат подобро усогласени со потребите на работодавачите во согласност со претходно донесената Стратегија за стручно образование и обука. Системите за стручно и високо образование во Македонија ќе бидат зајакнати за пресретнување на новите предизвици за деловната и научно-истражувачката заедница. Понатаму, техничкиот и научниот сектор ќе добијат дополнителни ресурси за поддршка на развојот на инженерите и научниците во текот на целата кариера. Владата, исто така, ќе ја стимулира и олеснува зајакнатата соработка меѓу академската заедница и приватниот сектор. Ова ќе вклучува користење на финансиските инструменти, како што се ваучерите за иновации, како и обезбедување директна финансиска поддршка за ИР и иновации.

Владата ќе ја подобри инфраструктурата и услугите за институционална поддршка што се потребни за унапредување на иновативноста преку развојот на меките вештини и активности за градење на капацитетите на МСП и иновативните претпријатија во основање, како и поддршка преку мрежно поврзување, спојувајќи ги академската заедница, приватниот сектор и останатите чинители. Ова ќе вклучува активности што се наменети за подобрување на пристапот до финансии за комерцијализација на новите иновации, вклучително и до претприемачкиот капитал. Владата основаше Фонд за иновации и технолошки развој. Проширувањето на овие напори ќе вклучува истражување на меѓународните претприемачки и инвестициски фондови и посилна мрежа на бизнис ангели за обезбедување приватно финансирање за претпријатијата со висока стапка на раст. Преку Економскиот план за раст Владата на Република

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

Македонија предвидува поддршка на малите и средни претпријатија во делот на иновативноста и тоа на: поддршка која се однесуа на т.н. претпијатија “газели“, поддршка во делот на технолошкиот развој на претпријтијата, поддршка на иновативноста на претпријатијата, поддршка на стршното усовршување на вработените лица како и финансиска поддршка преку joint venture капитал од страна на Фондот за еквити и мезанин

Владата ќе го олесни создавањето повеќе научно-технолошки паркови и иновациски инкубатори за да креира подинамичен екосистем за претприемништво и иновации, но, исто така, ќе ги поддржи постоечките капацитети за да ја осигури нивната одржливост. Таа ќе ги истражи можностите за основање најмалку два технолошки паркови, поврзани со универзитетите и техничките институции, заедно со најмалку пет инкубатори или акцелератори за иновации и старт-ап центри на општинско или регионално ниво. Во првиот случај, Владата ќе спроведе студија за изводливост за основањето на научно-технолошки паркови, што ќе вклучи опции за различни начини на работење.

# 6 Програми

## Столб 1: Поволно деловно окружување

### Програма 1.1: Подобрување на креирањето на политиките и координацијата

Владата ќе го подобри координирањето и интегрирањето на своите политики што ги засегаат МСП, истовремено подобрувајќи го механизмот за обезбедување на услугите за развој на МСП.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Подобрена владина координација и интегрирање на политиките во рамките на секторот на МСП и подобар механизам за обезбедување на услугите за развој на МСП. |
| **Клучни активности:** | 1. Координирање на политиките и програмите за поддршка на МСП преку соработка со сите министерства, сектори и агенции, како и со регионалните и локалните структури.<br>2. Продолжување на поддршката на АППРМ, Фондот за иновации и технолошки развој и останатите јавни институции и организации што го поддржуваат развојот на МСП и осигурување на ефективното усогласување и разграничување на посебните критериуми во однос на единствената дефиниција за МСП.<br>3. Оценување на институциите за поддршка на МСП и нивните услуги.<br>4. Работа со институциите што го поддржуваат развојот на МСП на осмислување и спроведување модел за долгорочна одржливост.<br>5. Воспоставување на Координативно тело кое ќе се грижи за реализација на политиките и мерките на оваа Стратегија и за координација на донаторите на мерките за поддршка на МСП.<br>6. Истражување на можностите за политики и програми осмислени за поттикнување на корпоративна општествена одговорност. |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија |
| **Координативно** | Воспоставено од сите релевантни министерства, КПВРМ, ЗКПВРМ, |

| | |
|---|---|
| **тело:** | институции за поддршка на МСП |
| **Вклучени институции:** | • Сите владини министерства, сектори и агенции<br>• Локални власти<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други) |

## Програма 1.2: Поедноставување на правното и регулаторното окружување

Напорите на Владата за поедноставување и рационализирање на правното и регулаторното окружување за МСП ќе продолжат, осигурувајќи дека замавот на реформите за подобро деловно окружување се одржува и продлабочува. Ова ќе вклучува натамошни реформи на стечајната постапка, вклучително и намалување на потребното време за завршување на стечајната постапка.

**Исход:** Правната и регулаторната рамка за МСП е „деловно ориентирана“, со намален број на чекори и потребно време за постигнување усогласеност со ЕУ.

**Клучни активности:**

1. Креирање на закон за МСП и продолжување на реформите за усогласување на националното законодавството поврзано со МСП со законодавството на ЕУ;
2. Зголемување на користењето на ПВР во ex-post оценувањето, вклучувајќи го МСП тестот[10]
3. Продолжување на реформите на стечајната постапка, вклучувајќи намалување на потребното време за завршување на стечајната постапка (тековно изнесува 1,8 години);
4. Воведување систем за рано предупредување за идентификација на друштвата со финансиски тешкотии за да се помогне спречувањето на стечајот (на пр., воведување инструменти за самопроверка, повикувачки центри и курсеви за обука);
5. Дизајнирање и спроведување информативна кампањи за промовирање на втора можност за претприемачите што претходно доживеале неуспех но стекнале вредно искуство во однос на основањето претпријатие;
6. Дизајнирање и спроведување кампања за информирање и подигање на свеста за придобивките од формализацијата (т.е., охрабрување на претпријатијата да се регистрираат и да ги извадат сите потребни лиценци);
7. Преиспитување на процесот за бришење на претпријатијата од регистарот.
8. Намалување на трошоците за старт-ап претпријатијата преку изработка на анализа во која ќе се дефинираат конкретни препораки и мерки

**Водечка институција:** Министерство за економија, Централен регистар и КПВРМ

**Вклучени институции:**

Сите владини министерства, сектори и агенции, вклучувајќи го Министерството за локална самоуправа

Регионални и локални власти

Институции за развој на МСП (АППРМ, Фонд за иновации и технолошки

---

[10] Како што е наведено во извештајот на Експертската група на ЕК од 2009 г., *Прво мисли на малите; Земање предвид на интересите на МСП при креирањето на политиките,* март, Генерална дирекција на ЕК за претприемништво и индустрија

| | |
|---|---|
| | развој, и други) |

## Програма 1.3:Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог

Владата ќе ги зајакне своите консултации и механизми за водење дијалог со приватниот сектор. Посебно внимание ќе биде посветено на вклучувањето на деловните жени во овие механизми, како и на осигурување на застапеноста на микро претпријатијата.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Воспоставен е механизам за редовен и структуриран социјален дијалог за обезбедување информации за изготвувањето и реформирањето на јавните политики, закони и прописи во секторот на МСП. |
| **Клучни активности:** | 1. Поврзување со претставниците на заедницата на МСП за идентификување на потребите, интересите и потенцијалот за подобрен социјален дијалог;<br>2. Изготвување студија на изводливост за испитување на улогата, структурата, членството и функционалноста на механизмот за социјален дијалог на високо ниво, осигурувајќи силна застапеност на жените;<br>3. Вршење консултации со приватниот сектор и заедницата на МСП за соодветниот механизам за социјален дијалог;<br>4. Реформи и следење на постоечкиот механизам за социјален дијалог. |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија |
| **Координативно тело:** | Воспоставено од сите релевантни министерства, КПВРМ, ЗКПВРМ, институции за поддршка на МСП и Националниот совет за поддршка на претприемништво и конкурентност |
| **Вклучени институции:** | • Сите владини министерства, сектори и агенции<br>• Економско-социјален совет<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Репрезентативни деловни организации и организации на работодавачите |

## Програма 1.4:Подобрување на координацијата во собирањето и употребата на податоците за МСП заради подобрување на политиките за поддршка на МСП

Владата преку Координативното тело ќе ги подобри квалитетот и квантитетот на податоците што ги собира за МСП секторот. Таа ќе го подобри начинот на којшто овие информации се собираат и дистрибуираат до, и користат од, сите релевантни засегнати страни. Владата ќе воспостави интегриран систем за управување со успешноста за јасно дефинирање на клучните фактори за успех на специфичните поединечни мерки и за следење на конкурентноста на МСП преку утврдување на нивното процентуално учество во остварување на макроекономските показатели.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Релевантни квантитативни и квалитативни податоци, дисагрегирани според полот, за секторот на МСП и неговите трендови се изготвени и јавно достапни, заедно со резултатите од редовното следење и оценување. |
| **Клучни активности:** | 1. Нарачување на студија за тековните статистички и аналитички податоци за секторот на МСП и начините како ова може да се подобри; |

2. Подобрување на квалитетот и квантитетот на податоците за МСП секторот и воспоставување интегриран систем за управување со успешноста за јасно дефинирање на клучните фактори за успех на специфичните поединечни мерки и за следење на конкурентноста на МСП преку утврдување на нивното процентуално учество во макроекономските показатели (на пр., број на основани претпријатија, вработеност, учество во додадена вредност), трендовите и бариерите - вклучувајќи посебни информации за трендовите на отворање работни места и динамиката во секторот на МСП;
3. Подобрување на користењето на информациите од следењето и статистичките информации за процена на влијанието на владините политики и програми.
4. Спроведување на практиката за креирање нови политики, програми и мерки (т.е. Годишни планови) врз основа на резултатите од претходно направените анализи за влијанието на дотогашните политики врз развојот на МСП

**Водечка институција:** Министерство за економија

**Вклучени институции:**

- Државен завод за статистика
- Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)
- Репрезентативни деловни организации и организации на работодавачите

## Програма 1.5: Подобрување на претставувањето на МСП - Национална асоцијација на МСП

Владата ќе изврши процена и, по потреба, ќе го промовира основањето на Национална асоцијација на МСП за застапување на интересите на МСП во креирањето на политиките и спроведувањето и оценувањето на програмите на Владата. Асоцијацијата ќе се надоврзе на работата на стопанските комори преку фокусирање на микро и малите претпријатија. Асоцијацијата ќе ја одразува улогата на Националниот совет за претприемништво и конкурентност и ќе осигури дека секторот на МСП соработува со Владата.

**Исход:** Микро и малите претпријатија се застапувани во процесите за креирање на политики и преиспитување на програмите преку своето членство во Националната асоцијација на МСП.

**Клучни активности:**

1. Процена на потребата за, и делокругот на потенцијалната Национална асоцијација на МСП;
2. Консултации со секторот на МСП и постоечките претставнички структури за исходот на претходно наведената студија и за следните чекори.

**Водечка институција:** Министерство за економија

**Вклучени институции:**

- Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)
- Репрезентативни деловни организации и организации на работодавачите

## Програма 2.1:Подобрување на услугите за деловен развој

Владата ќе ги поддржи ефикасноста и влијанието на УДР во секторот на МСП врз основа на спроведената процена на потребите. Ќе бидат подобрени механизмите и процесите за следење, оценување и учење во врска со услугите за развој на МСП и ќе се обезбеди поддршка за подобрување на услугите и практиките за развој на МСП преку обука, финансиска, експертска и техничка поддршка, услуги за акредитација и останати услуги кои ќе им бидат потребни на МСП, при што во предвид ќе се има принципот се на едно место, со цел полесен пристап и добивање на бараните информации од страна на МСП. Посебно внимание ќе се посвети на поддршката на женското претприемништво. Во оваа насока се и активностите и мерките предвидени со акцискиот план од стратегијата за конкурентност.

Покрај горе наведените активности, АППРМ ќе воспостави служба за менторска поддршка со поддршка од јапонската Агенција за меѓународна соработка.

**Исход:**

УДР се посоодветни на развојните потреби и можностите на МСП и се обезбедуваат на начин што е економичен, координиран и фокусиран на клиентите.

Влијанието на УДР редовно се квантификува и е предмет на јавни извештаи.

**Клучни активности:**

1. Следење и оценување на програмите и услугите за развој на МСП;
2. Воведување рамка за оценување и мерење на успешноста за развојот на МСП;
3. Редовно идентификување и промовирање на добрите практики во развојот на МСП и создавање можности за учење меѓу давателите на услуги на МСП;
4. Истражување на изводливоста и опфатот на национален систем за акредитација на УДР;
5. Воспоставување механизам за добивање повратни информации од клиентите за сите клиенти на УДР;
6. Воведување годишен процес преку којшто сите даватели на УДР јавно известуваат за своите активности, услуги и резултати;
7. Нарачување студија за потребите, можностите и пречките со коишто се соочуваат деловните жени и осигурување дека наодите на оваа студија се користат за подобрување на обезбедувањето на УДР;
8. Отворање Портал за МСП што ќе обезбедува корисни информации за МСП низ целата земја. Порталот ќе се поврзе со релевантните владини едношалтерски системи, вклучувајќи го едношалтерскиот систем за деловни дозволи и лиценци, како и со останатите иницијативи за е-влада. Порталот ќе вклучува база на податоци што може да се пребарува со релевантните закони, прописи и дозволи. Тој ќе обезбеди вредна платформа за онлајн комуникации меѓу владата и заедницата на МСП. Како што беше наведено погоре, Министерството за информатичко општество и администрација ќе ја предводи оваа активност, во согласност со одредбите од Националната стратегија за конкурентност.
9. Подобрување на пристапот до програмите на ЕУ за промовирање на МСП и врските со регионалните програми на ЕУ (на пр., Програмата за конкурентност на МСП – COSME, Програмата за финансирање,

истражување и иновации – Horizon 2020, Програмата за вработување и социјални иновации - PROGRESS компонента, Еразмус и Живот +).

10. Развој на програма за обука за подобрување на вештините за подобрување на деловното управување за претпријатијата што се во сопственост и се раководени од млади лица.

| | |
|---|---|
| **Водечка инситутција:** | Министерство за економија, Министерство за информатичко општество и администрација и ЗКПВРМ |
| **Вклучени институции:** | • Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија<br>• Репрезентативни деловни организации и организации на работодавачите |

## Програма 2.2:Подобрување на пристапот до финансии

Владата ќе воведе нови финансиски инструменти за развој на МСП. Ова е во согласност со препораките на ЕУ од 2016 година во врска со развојот на МСП во Македонија[11]. Ова ќе вклучува создавање онлајн регистар на движниот имот што може да се искористи како обезбедување за заемите од банка, заедно со ревитализација на кредитно - гарантната шема. Во текот на целиот временски рок за спроведување на Стратегијата, Владата ќе истражува нови опции за реформи на политиката за финансирање на МСП и за развој на програми. Ова ќе вклучува користење на владини гаранции за кредити, вклучувајќи извозни гаранции за МСП, директни заеми за МСП, субвенционирани заеми, претприемачки капитал, финансирање со акционерски капитал, како и зголемување на ангажманот и застапувањето пред комерцијалниот банкарски сектор[12]. Владата, исто така, ќе ги истражи опциите за охрабрување на инвестициите во МСП кај македонската дијаспора. Ќе биде спроведена и информативна и образовна кампања за финансиска писменост.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | МСП имаат поголем пристап до поширок опсег од финансиски производи и услуги за подобрување на нивната конкурентност и раст. |
| **Клучни активности:** | 1. Создавање онлајн регистар на движен имот, што може да се искористи како обезбедување за заемите од банка;<br>2. Воспоставување програма за промовирање на користењето на факторингот за зајакнување на правната сигурност и транспарентноста.<br>3. Ревитализирање на претходно постоечката кредитно - гарантната шема во рамките на МБПР, поедноставувајќи ги нејзините процедури, во тесна соработка со приватните банки и со подобрување на дизајнот, структурата и условите на оваа шема.<br>4. Создавање информативна и едукативна кампања за финансиска писменост и нејзино воведување во системот за средно образование, во институциите за општо како и за стручно и техничко образование, како и во пакетот на услуги за обука што се обезбедуваат од страна на агенциите за развој на МСП.<br>5. Поедноставување на постапките за основање и работење на |

[11] Европска комисија (2016) *Република Македонија, Извештај за 2016 г.;* Соопштение од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Економско-социјалниот комитет и Комитетот на регионите, 2016 Соопштение за политиката за проширување на ЕУ, Работен документ на стручната служба на Комисијата, 9 ноември, Брисел.

[12] На пример, видете:OECP (2015) *Финансирање на МСП и претприемачи 2015: Оценки на OECP, OECD Publishing, Paris*

| | |
|---|---|
| | финансиските институции што нудат алтернативни финансиски инструменти (факторинг, лизинг, еквити фондови, итн.). |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија, КЗПВРМ, Народната банка на Република Македонија |
| **Вклучени институции:** | • Министерство за финансии<br>• Министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија<br>• Министерство за образование и накуа<br>• МБПР<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Комерцијални банки<br>• Биро за развој на образование<br>• Централен регистар<br>• КПВРМ и ЗКПВРМ |

## Програма 2.3:Олеснување на интернационализацијата

Ќе се обезбеди поголема поддршка за подобрување на интернационализацијата на секторот на МСП за да се осигури дека секторот на МСП е извозно ориентиран и се раководи според новите можности во ЕУ и светот.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Зголемено учество на МСП на меѓународните пазари. |
| **Клучни активности:** | 1. Се создаваат посилни врски во политиките и програмите за развој на МСП и поддршката на Владата за провирање на извозот;<br>2. Нарачување национална процена на можностите, пречките и капацитетите на МСП за влез на брзорастечките меѓународни пазари и осигурување дека резултатите се искористуваат за ревидирање на националната извозна стратегија;<br>3. Зголемување на поддршката за агенцијата за промовирање на извозот и утврдување активности за координирање и заедничко спроведување меѓу оваа агенција и АППРМ во спроведувањето на активностите за промовирање на извозот – преку формулирање на програма за промовирање на извозот на МСП;<br>4. Подобрување на следењето и оценувањето на услугите за промоција на извозот преку објавување годишен извештај за учеството на МСП на извозните пазари. |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија |
| **Вклучени институции:** | • Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Комерцијални банки<br>• КПВРМ и ЗКПВРМ |

## Програма 2.4:Поддршка на развојот на вредносниот синџир

Владата ќе го поддржи учеството на МСП во стратешките вредносни синџири. Ќе биде обезбедена зголемена поддршка за реформите во ИКТ секторот – Владата ќе го поддржи развојот на МСП во овој сектор промовирајќи го користењето на ИКТ од

страна на МСП како стратегија за стимулирање на зголемена продуктивност и конкурентност. Исто така, ќе се даде поддршка за развој на МСП во зелената економија и за развојот на „зелени МСП“.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Зголемено учество на МСП во стратешките индустриски сектори што се ориентирани кон раст. |
| **Клучни активности:** | 1. Идентификација на клучните меѓународни вредносни синџири во коишто македонските МСП имаат капацитети за успешно учество и развивање програми и услуги што ќе им помогнат на овие претпријатија да влезат на овие пазари;<br>2. Овозможување поцврсти партнерски аранжмани меѓу АППРМ, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Европската мрежа на претпријатија;<br>3. Поддршка на развојот на МСП во ИКТ секторот преку посебно приспособени УДР и инструменти за финансиски услуги;<br>4. Поддршка на развојот на МСП во зелената економија преку реформи на националните политики и дизајнирање инструменти и услуги за поддршка за обезбедување стимулации и поддршка за „зелени МСП“ во рамките на пазарите што се поврзани со животната средина. |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија |
| **Вклучени институции:** | • Европска мрежа на претпријатија<br>• Министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија<br>• Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Комерцијални банки<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Минисертво за информатичко општество и администрација<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање |

## Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации

### Програма 3.1:Проширување на претприемништвото во образованието и обуката

Препознавајќи ја важноста на развојот на човечкиот капитал во Македонија преку подготвување на младите луѓе за предизвиците на претприемништвото (вклучувајќи го социјалното претприемништво), Владата ќе го прошири образованието за претприемништво. Таа ќе го интегрира образованието за претприемништво преку проширување на обуката на наставниците и учениците за да осигури дека таа е достапна во сите нивоа на образовниот систем. Зајакнување на системите за стручно и високо образование за пресретнување на новите предизвици за деловната и научно - истражувачката заедница. Понатаму, техничкиот и научниот сектор ќе добијат дополнителни ресурси за поддршка на развојот на инженерите и научниците во текот на целата кариера.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Претприемачките вештини се интегрирани во сите нивоа на образование и |

| | |
|---|---|
| | обука. |
| **Клучни активности:** | 1. Проширување на програмата за образование за претприемништво во училиштата за општо средно образование и во системот за средно стручно образование и обука, вклучувајќи обука за социјално претприемништво;<br>2. Воспоставување нови и продолжување на поддршката за постоечките партнерства и иницијативи меѓу Владата, образовните и истражувачки институции и индустријата;<br>3. Подобрување на обуката за претприемништво за жените претприемачи преку изготвување модул за обука што може да се користи во повеќе различни контексти на обука;<br>4. Зајакнување на системите за стручно и високо образование за пресретнување на новите предизвици за деловната и научно-истражувачката заедница. |
| **Водечка институција:** | Министерство за економија |
| **Вклучени институции:** | • Министерство за образование и наука<br>• Министерство за култура<br>• Национална мрежа на едукатори за претприемништво<br>• Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)<br>• Универзитети<br>• Центар за средно стручно образование<br>• Деловни организации и организации на работодавачите<br>• КПВРМ и ЗКПВРМ |

## Програма 3.2: Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП

Дополнително ќе се развиваат инфраструктурата и услугите за институционална поддршка што се потребни за промовирање на иновациите кај МСП. Ова ќе вклучува развој на мрежи што ги поврзуваат академската заедница со приватниот сектор и останатите чинители, заедно со подобрувања на Фондот за иновации и технолошки развој.

| | |
|---|---|
| **Исход:** | Растот на МСП е поттикнат од зголемувања на трансферот на технологиите и иновациите. |
| **Клучни активности:** | 1. Олеснување на мрежното поврзување на академската заедница, приватниот сектор и останатите чинители, вклучувајќи ги и финансиските чинители;<br>2. Поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој за зголемување на опсегот на МСП корисниците преку оценување на тоа до кој степен МСП се свесни за и пристапуваат до Фондот, и осмислување иницијативи за адресирање на факторите што го ограничуваат неговото користење од страна на МСП;<br>3. Изработка на инвестициски фондови за финансиска подддршка на МСП студија за меѓународните претприемачки и инвестициски фондови;<br>4. Истражување на можностите за проширување на мрежата на бизнис ангели;<br>*5.* Поттикнување и олеснување на подобрената соработка меѓу |

академската заедница и приватниот сектор, вклучувајќи го користењето на финансиските инструменти, како што се ваучерите за иновации, како и обезбедување директна финансиска поддршка за ИР и иновации.

**Водечка институција:** Министерство за економија, КПВРМ и КЗПВРМ

**Вклучени институции:**

- Министерство за образование и наука
- Министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија
- Фонд за иновации и технолошки развој
- Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)
- Деловни организации и организации на работодавачите

## Програма 3.3: Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации

Владата ќе ги истражи можностите за основање најмалку два технолошки паркови, поврзани со универзитетите и техничките институции, заедно со најмалку пет инкубатори или акцелератори за иновации и старт-ап центри на општинско или регионално ниво. Во првиот случај, Владата ќе спроведе студија за изводливост за основањето на научно-технолошки паркови. За оваа цел ќе се пристапи и кон изработка на стратегија за паметна специјализација со цел идентификација на секторите и индустриите кои имаат компаративна предност и соодветен капацитет за поддршка на научно – технолошки парк.

**Исход:** Се постигнуваат повисоки нивоа на иновативност преку МСП што се сместени во специјализирани капацитети.

**Клучни активности:**

1. Нарачување студија за изводливост за трошоците и користите што се поврзани со отворањето најмалку два технолошки паркови, поврзани со универзитетите и техничките институции и идентификација на најпожелните начини на работење;
2. Нарачување студија за изводливост за трошоците и користите што се поврзани со отворањето најмалку пет инкубатори или акцелератори за иновации и старт-ап центри на општинско или регионално ниво.

**Водечка институција:** Министерство за економија, КПВРМ и КЗПВРМ

**Вклучени институции:**

- Министерство за образование и наука
- Министерство за локална самоуправа
- Регионални и локални власти
- Агенции за развој на МСП (АППРМ и други)
- Деловни организации и организации на работодавачите

# 7 Клучни засегнати страни и механизми за спроведување

## 7.1 Координација од страна на Владата

**Министерството за економија** има примарна одговорност за развојот на МСП.

## 7.2 Одговорности за креирање на политиките и надзор

Министерството за економија има примарна одговорност за креирањето и надзорот врз политиките за МСП. Меѓутоа, постојат низа останати министерства и органи што се вклучени во креирањето на политиките и застапувањето во рамките на секторот на МСП. Тука се вклучени **Министерството за финансии**, **Министерството за труд и социјална политика**, **Министерството за образование и наука, Министерство за куптура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија и Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања**.

Покрај тоа, **Економско-социјалниот совет на Република Македонија**, основан во 1996 година, го промовира и поттикнува трипартитниот социјален дијалог на национално и локално ниво и работи на унапредувањето на бипартитниот социјален дијалог на ниво на претпријатија и на зајакнувањето на капацитетите на социјалните партнери преку нивното вклучување во сите активности, што претставува една од најважните преземени обврски на Владата на Република Македонија. Советот има советодавна и консултативна улога во текот на креирањето и спроведувањето на економските и социјалните стратегии и политики и на тој начин влијае врз постигнувањето на економска и социјална стабилност во земјата. ЕСС има 12 членови: по четири члена од Владата, организациите на работодавачите и синдикатите.

## 7.3 Спроведување на програмите и услугите за МСП

Сегашната институционална инфраструктура за поддршка на МСП во Македонија беше воспоставена и зајакната во минатата деценија. Таа е основниот двигател за спроведување на поединечните мерки од оваа Стратегија за МСП и е најважната директна врска со секторот на МСП.

**Агенцијата за поддршка на претприемништвото** (АППРМ) е одговорна за спроведувањето на владините политики за МСП. Мисијата на АППРМ е промовирањето на претприемништвото и малото стопанство преку спроведување приоритетни проекти што се одраз на областите на интервенции во МСП што се раководат според побарувачката и на владините програми за поддршка на претприемништвото и зголемување на конкурентноста на МСП. Основните одговорности на АППРМ се:

- Создавање и развој на институционалната инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста во секторот на МСП;
- Спроведување и координирање на државната и меѓународната поддршка за МСП;

*“Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст”*

- Унапредување на претприемништвото преку финансиски и нефинансиски видови мерки за поддршка; и
- Спроведување на програмите за мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност во малото стопанство.

Останатите клучни организации вклучуваат:

- Стопанска комора на Македонија
- Сојуз на стопански комори на Македонија
- Стопанска комора на северозападна Македонија
- Работнички организации
- Бизнис конфедерација на Македонија
- Организација на работодавачите на Македонија
- Занаетчиска комора
- Здружение на бизнис жени
- Деловни асоцијации:најмалку 20 локални и билатерални деловни асоцијации што опфаќаат бројни сектори на економската активност, вклучувајќи четири со национален опфат (Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Занаетчиска комора).
- Форум на МСП.

**Националниот комитет за иновации и претприемништво**, основан во 2011 година, е составен од членови од клучните министерства, академската заедница и бизнис секторот. Тој се фокусира на комерцијализацијата на иновациите и на зголемувањето на нивото на иновациските активности во деловната заедница и општеството како целина. НКИП е одговорен за координирањето на владините политики и мерки за поттикнување на иновациите и конкурентноста; координирање на распределбите на буџетските средства во согласност со приоритетите на Владата, следење на работата на Фондот за иновации и технолошки развој, прегледување и одобрување на програмите за поддршка на развојни проекти и програми на Фондот, пред тие да влезат во постапка пред Владата, давање препораки на Владата во однос на програмите и проектите на меѓународните организации за поддршка и развој на иновациски активности, редовно следење на политиките и мерките на Европската унија и земјите со најдобрите практики во областа на иновациите и процена на нивното влијание, давање препораки и предлози на министерствата за нивните активности во врска со иновациите и давање препораки и сугестии на Владата во однос на деловното окружување, правата на интелектуална сопственост и поддршката на иновациските активности.

**Фонд за иновации и технолошки развој,** е формиран за поттикнување и поддршка на иновациската дејност во ММСП за остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат за создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-околината за развој на конкурентските способности на компаниите. Делокругот на работа на Фондот се базира на кофинансирање ММСП, а со цел поттикнување на иновациската дејност, имплементација на иновативни решенија и на иновативни процеси, воведување иновации и трансфер на технологии кај компаниите, како и поддршка на компаниите што имаат висок потенцијал за раст. Понатаму, финансирање на новоосновани, микро и мали претпријатија, фондации и акцелератори, а со цел поттикнување на иновативноста кај компаниите и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности, преку формирање „спин-оф“ компании, како и постигнување долгорочен позитивен придонес

за развојот на националната економија, подобрување на конкурентноста преку технолошки и оперативни унапредувања и обезбедување нови работни места; поддршка на формирањето на деловно-технолошки акцелератори, субјекти за давање инфраструктурна поддршка на иновациската дејност, со цел акцелерација на претприемништвото преку поддршка на физички лица што сакаат да основаат компанија, како и на веќе основани претпријатија во нивната почетна фаза (кои постојат максимум 6 години) преку обезбедување едукативна, логистичка и финансиска помош.

**Националната мрежа на едукатори за претприемништво**, основана во 2011 година од страна на Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, вклучува професори и асистенти од универзитетите и наставници кои го предаваат предметот „Бизнис и претприемништво“ и други економски предмети во средните училишта во земјата. Главната цел на мрежата е да овозможи алатки за вмрежување меѓу едукаторите за споделување на најдобрите практики во врска со претприемачкото учење, овозможувајќи развој на наставниците и постојано подобрување на наставната програма на сите образовни нивоа.

На локално ниво постојат повеќе важни институционални аранжмани. Тие вклучуваат:

- Регионални бизнис центри: тековно функционираат десет регионални центри, вклучувајќи пет РЕСС лоцирани во Скопје, Струмица, Велес, Куманово, Битола, три АПП во Охрид, Тетово и Гостивар, Агенција за развој на претпријатијата во прилепскиот регион и еден Деловен информативен центар на Ромите во Скопје.
- Тековно работат три деловни инкубатори: Инкубатор СПАРК во Битола (основан со холандска поддршка и во следните години финансиран од УСАИД), инкубаторот на Претприемачкиот сервис за млади во Скопје (финансиран преку норвешка билатерална помош) и инкубаторот што е поддржан од Светска банка во Струмица, додека, пак, два дополнителни старт-ап центри работат во Тетово и Скопје, финансирани од СИНТЕФ и австриската развојна агенција, соодветно.
- Европската мрежа на претпријатија обезбедува поддршка за да им помогне на МСП да ги искористат на најдобриот можен начин деловните можности во Европската унија и обезбедува информации и помош за деловните прашања во врска со ЕУ (на пр., ЕУ пазари, деловна соработка, барање партнери, финансирање и тендери на ЕУ, законодавството на ЕУ, стандардите на ЕУ, итн.).
- Воспоставени се осум плански центри во осумте статистички плански региони
- Бизнис старт-ап центар и Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење во рамките на Машински факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.
- Консултанти: тука се вклучени околу 250 „независни“ консултанти што обезбедуваат услуги за деловен консалтинг, како физички лица или правни субјекти, и определени меѓународни консултанти.

**Слика 1: Институции за поддршка на МСП**




## 7.4 Спроведување и оценување на стратегијата

Министерството за економија е одговорно за севкупното спроведување на Стратегијата, во согласност со приложениот план за работа. Планот за работа ги идентификува водечките и придружни институции и временската рамка за сите програми и активности. Министерството за економија ќе ги координира овие институции и ќе го следи постигнатиот напредок. Тоа ќе ја применува рамката за следење и оценување што е претставена во следното поглавје.

Министерството за економија ќе нарача вршење на оценување на Стратегијата во 2020 година.

## 7.5 Механизам за координација на донаторите

Не постои формален механизам за координација на поддршката од меѓународните донатори и развојни агенции за развојот на МСП во земјата. Оваа Стратегија за МСП може да обезбеди основа за координација на донаторската поддршка во областа на развојот на МСП. Во рамките на Столб 1, Програма 1.1: Подобрување на креирањето на политиките и координацијата (Активност 1.1.5, видете план за работа), Министерство за економија ќе воспостави координативно тело за координација на донаторите за МСП за координирање и планирање на развојни програми и процеси за реформи на деловното окружување што се поддржани од донаторите.

# 8 Рамка за следење и оценување

## 8.1 Рамка за следење и оценување на високо ниво

Спроведување на активностите на Стратегијата и следењето на остварување на целите ќе биде реализирано од страна на инвовираните институции и организации дефинирани во самата Стратегија (Министерство за економија, КПВРМ, КЗПВРМ, Министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, Министерство за финансии, Централен регистар, Агенција за претприемништво итн.)

| Ниво | Резултат | Показатели |
|---|---|---|
| **Влијание (Визија)** | Конкурентните македонски МСП се двигатели на инклузивен економски раст и на создавањето на продуктивни и пристојни работни места. | Придонес на МСП кон БДП<br>Придонес на МСП кон вработеноста<br>Употреба на формални договори за вработување во МСП<br>Број на МСП каде што сите вработени се уредно пријавени<br>Степенот на синдикалното застапување во целата работна сила во МСП |
| **Исход 1** | МСП во Македонија работат во поволно деловно окружување во коешто се охрабруваат претприемништвото, инвестициите и продуктивноста, во согласност со европските норми и стандарди. | Подобрено креирање политики и координирање<br>Намалени трошоци за усогласеност<br>Подобрен социјален дијалог<br>Редовно следење и оценување на политики, програми и услуги |
| **Исход 2** | МСП во Македонија се високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари. | Подобрен пристап до деловни и финансиски услуги<br>Поголемо учество на меѓународните пазари<br>Зголемени приватни инвестиции во стратешки сектори во раст. |
| **Исход 3** | Економската конкурентност на Македонија сè повеќе се поттикнува од претприемачкиот и иновативниот сектор на МСП. | Зголемени нивоа на претприемништво<br>Зголемено додавање вредност во секторот на МСП<br>Зголемена соработка меѓу деловната и академската заедница<br>Подобрена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | инфраструктура и капацитети за поддршка на иновации и претприемништво |

## 8.2 Рамка за следење и оценување на ниво на програми

### 8.2.1 Столб 1: Поволно деловно окружување

| **Исход 1:** | **МСП во Македонија работат во поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото, инвестициите и продуктивноста.** | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Програма** | **Исход** | **Показатели** |
| **1.1** | Подобрување на креирањето на политиките и координацијата | Подобрена владина координација и интегрирање на политиките во рамките на секторот на МСП и подобар механизам за обезбедување на услугите за развој на МСП. | Воспоставени механизми за координирање на политиките<br>Политиките се интегрирани во владините МСЕ<br>Услуги за МСП и утврдување интитуции кои ќе се вклучат<br>Донаторските програми за поддршка се усогласени со стратегијата |
| **1.2** | Поедноставување на правното и регулаторното окружување | Правната и регулаторната рамка за МСП е „деловно ориентирана“, со намален број на чекори и потребно време за постигнување усогласеност. | Спроведени се нови реформи на деловното окружување<br>Зголемување на бројот на регистрираните друштва |
| **1.3** | Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог | Воспоставен е механизам за редовен и структуриран социјален дијалог за обезбедување информации за изготвувањето и реформирањето на јавните политики, закони и прописи во секторот на МСП. | Број на вклучените деловни организации<br>Број на прашањата што се заеднички договорени со владата и приватниот сектор |
| **1.4** | Координирање на податоците за МСП и на следењето и оценувањето | Релевантни квантитативни и квалитативни податоци, дисагрегирани според полот, за секторот на МСП и неговите трендови се изготвени и јавно достапни, заедно со податоците од редовното следење и оценување на агенциите за поддршка на МСП. | Подобрувања на асортиманот на собраните квантитативни и квалитативни податоци<br>Јавни дебати за податоците и наодите од оценувањето<br>Промени во утврдувањето на целните групи на програмите за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | развој на МСП<br>Подобрувања во дисагрегирањето на податоците според полот, големината, локацијата, итн. |
| **1.5** | Национална асоцијација на МСП | Микро и малите претпријатија се застапувани во процесите за креирање на политики и преиспитување на програмите преку своето членство во Националната асоцијација на МСП. | Учество на МСП во асоцијацијата |

### 8.2.2 Столб 2: **Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП**

| **Исход 2:** | **МСП во Македонија се високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.** | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Програма** | **Исход** | **Показатели** |
| **2.1** | Подобрување на услугите за деловен развој | УДР се посоодветни на развојните потреби и можностите на МСП и се обезбедуваат на начин што е економичен, координиран и фокусиран на клиентите. | Повратни информации од клиентите<br>Број на МСП што имаат пристап до услуги за поддршка (дисагрегирани според полот)<br>Број на даватели на УДР од приватниот сектор<br>Раст на МСП (вработеност, обрт) што добиваат поддршка од давателите на услуги за МСП |
| **2.2** | Подобрување на пристапот до финансии | МСП имаат поголем пристап до поширок опсег од финансиски производи и услуги за подобрување на нивната конкурентност и раст. | Опсег на обезбедените финансиски услуги<br>Број на МСП што имаат пристап до услуги за финансиска поддршка (дисагрегирани според полот)<br>Број на микро и мали претпријатија што имаат пристап до финансирање од комерцијалните банки и други форми на финансирање (дисагрегирани според полот) |
| **2.3** | Олеснување на | Зголемено учество на МСП | Број на МСП (дисагрегирани според |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | интернационализацијата | на меѓународните пазари. | полот) што извезуваат на меѓународните пазари<br>Број на МСП (дисагрегирани според полот) што имаат пристап до владините програми и услуги за поддршка на извозот<br>Број на извозно ориентирани индустриски кластери |
| **2.4** | Поддршка на развојот на вредносниот синџир | Зголемено учество на МСП во стратешките индустриски сектори што се ориентирани кон раст. | Број на МСП (дисагрегирани според полот) што работат во стратешки индустриски сектори што се ориентирани кон раст<br>Број на МСП (дисагрегирани според полот) што имаат пристап до владините програми и услуги за поддршка на стратешките индустрии |

8.2.3 Столб 3: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации

| **Исход 3:** | **Економската конкурентност на Македонија сè повеќе се поттикнува од претприемачкиот и иновативниот сектор на МСП.** | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Програма** | **Исход** | **Показатели** |
| **3.1** | Проширување на претприемништвото во образованието и обуката | Претприемачките вештини се интегрирани во сите нивоа на образование и обука. | Бројот на машките и женските ученици што изучуваат претприемачки вештини<br>Бројот на наставниците и обучувачите што научиле вештини за настава во обуката за претприемништво<br>Број на институции за образование и обука што обезбедуваат обука за претприемништво |
| **3.2** | Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП | Растот на МСП е поттикнат од зголемувања на трансферот на технологиите и иновациите. | Број на МСП (дисагрегирани според полот) што имаат пристап до владините програми и услуги за научно-технолошка поддршка<br>Износот на средствата што МСП ги вложиле во ИР<br>Број на новите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | комерцијализирани производи и услуги |
| **3.3** | Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации | Се постигнуваат повисоки нивоа на иновативност преку МСП што се сместени во специјализирани капацитети. | Број на МСП (дисагрегирани според полот) што имаат пристап до владините програми и услуги за научно-технолошка поддршка<br>Учество на МСП во специјализирани научни и иноваторски капацитети. |